Врз основа на член 110 став 1 точка 13 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ“ бр. 82/2018), член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.454) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (после дипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417), Глава III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027 година и член 9 од Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година, Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година при Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, а по однос на Приговорот поднесен од кандидат со приемен број 136395 го донесе следново

РЕШЕНИЕ

Се ОДБИВА Приговорот со бр.09-982/20 од 25.9.2026, поднесен од кандидат пријавен на првиот уписен рок на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со приемен број 136395.

**Образложение:**

Комисијата изврши увид во примената документација и констатираше дека приговорот не е основан.

Согласно глава IX, точка 1. од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027, за обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во учебната 2026/2027 година дополнително се запишуваат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно се застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.

Распределбата на бројот на кандидатите - припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, по студиски програми, ја вршат факултетите според Преглед 1, кој е составен дел на Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година.

Кандидатката во прилог на пријавата за упис, како и во електронската пријава на iKnow уредно поднела изјава за припадност на заедница која не е мнозинство, што е земено предвид. Во определената квота за припадници на заедниците кои не се мнозинство, би се рангирал припадник „бошњак“ доколку во државната квота нема

ниту еден припадник на таа заедница. Во овој случај, во државната квота веќе има припадник на соодветната заедница, со повисок остварен успех од средно образование, заради што нема посебна квота. Кандидатката е рангирана согласно оствареniот успех од средно образование, на конечната ранг листа за упис на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на Правни студии во на листата на нерангирани кандидати.

**Правна поука:**

Решението на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година е конечно. Против ова Решение, незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од објавувањето.

27.8.2026 Претседател на Конкурсна комисија

Проф. д-р Есин Кранли Бајрам